Assistant professor Trajce Stojanov, PhD

Faculty of Educational Sciences

University „Goce Delcev"– Stip, R. Macedonia

# On some goals of Ethical education

**Abstract:**

Educators very often ask themselves the following question: what is the aim of education. This is philosophical question par excellence, and one part of philosophy is a natural place to look for answer to this question – philosophy of education. Modern philosophical theories and theoreticians are trying to provide systematic answer to this question, but they never agree on one and ultimate goal of education. But one such goal must be provided.

One general answer offered, especially in modern philosophies of education is that the aim of education consists in fostering the development of student`s rationality. On this view, education has as its fundamental task both the development of student`s reasoning ability, and also the fostering of a complex attitudes, habits of mind, dispositions and character traits, such that students are not only able to reason well; they also care about reasons, and organize their beliefs, judgments and actions in accordance with the deliverances of the reasoned evaluation of reasons.

But, what about moral education? What is the use of fostering reason and argumentation skills in educational ethics? Is there any use of reason in human behaviour? Socrates believed that there is. He was standing on the position of moral intellectualism strongly believing that knowing the good entails following good? This paper is trying to answer exactly this dilemmas of ethical education: at the end of the day does students have any use of learning ethics at all? Are they becoming better persons after a semester, or two? If this outcome cannot be provided by the central aim of the education: fostering rationality and rational thinking, than what can be other more important aim than this one?

**Key words:**

Educational goal, Argumentation, Reason, Cultivating reason, Educational Ethics, Ethical Education, Motivation, Will.

# За некои цели на етичкото образование

## ВОВЕД

Текстов што следи е повеќе искуствена рефлексија за наставата по етика отколку теориски трактат. И во таа смисла, тој повеќе отвора дилеми за наставата по етика со кои сум се среќавал во мојата скромна академска кариера, отколку што нуди некакви дефинитивни рецепти или теориски заклучоци или конструкции. Ова е обид да се одговори на прашањето што е целта на етичкото образование и како треба да се организира истото. Уште поточно, што е смислата на т.н. професионални етики, во случајов на наставничката етика која ја предавам на наставнички факултет?

Образованието, воспитанието посебно, како и да сакаме да ги третираме, набљудуваме и истражуваме: социолошки, педагошки, психолошки... во суштина се аксиолошки процеси. А етичкото образование треба тоа најмногу да го отелотворува. Но, дилемите на етичкото образование се разбира, се безброј. Самото етичко образование е етички предизвик по себе.

Дилемите што ќе ги отвориме овде се во однос на следнава дефиниција за етиката во која акцентот е на нејзината философска димензија. Имено, етиката е **наука која ги испитува, истражува, човековото поведение и меѓучовечките односи, ги вреднува и оценува, а со тоа и ја осмислува човековата егзистенција.** Овој аспект на етиката го сметаме за особено значаен заради тоа што ја истакнува нејзината философска димензија.

Впрочем, етиката е философска дисциплина и тоа практична философска дисциплина која треба да нè опреми со алатки за осмислување на сопствениот живот. Ваквиот пристап кон етиката и како совевидна практична философска антрополгија својот основ го има и во Аристотеловото разбирање на философијата и на етиката како нејзина практина завршница и разрешница. Имено, ако философијата во својата крајна инстанца треба да го осмисли нашиот живот, тогаш етиката е патот кој не води кон **еудајмонија – остварување**

**на највисокото добро**, како човекова цел и смисла. Ако според Аристотел, сѐ стреми кон некаква своја цел, тогаш како човекот да не стреми кон сопствената цел!? Таа сеприсутна **ентелехија** го води и личниот и животот на заедницата кон остварување на **највисокото добро – summum bonum!** Само така може да се осмисли и оправда една човекова егзистенција. Животот не е вреден да се живее, барем за философот, ако не се живее како стремеж и остварување на највисоката цел – постигнување на блаженството, остварување на среќата.

Ваквиот пристап кон етиката, прво ја утврдува нејзе како философска дисциплина – да не се заборави! Од друга страна пак, ваквиот пристап опасно ја приближува етиката кон една друга философска дисциплина – философската антропологија, која исто така го тематизира местото и улогата на човекот во светот и неговата смисла. Но, подобро да се изложиме на таквата опасност, отколку да ја оставиме етиката да плови во уште поопасните води на денешните нормативни, практични и професионални етики, кои невтемелени во философскиот контекст, попрво заликуваат на индоктринации и идеолошки алатки, отколку на етики. Оти императивот за етиката останува – таа треба да нѐ научи како да живееме и како да го осмислиме тој живот, а не првенствено да нѐ научи како да водиме бизнис (бизнис етика), или како да се однесуваме во сајбер светот (компјутерска етика) и сл. Етиката е првенствено (практична) философија, потоа тематизирање на доброто и злото, па дури на крај сет од морални вредности и принципи.

КУЛТИВИРАЊЕ НА РАЗУМОТ

И тука се раѓа една од главните цели на етичкото образование. Која би била главната цел на етиката и етичкото образование? Особено, како што рековме на т.н. практични етики, кои често можат да се сведат на чисти индоктринации и ништо повеќе.

Во текот на долгата историја на идеите за образованието предложени се десетици цели: култивирање на љубопитноста и истражувачките диспозиции; поттикнување на креативноста; создавање на знаење и ученици што знаат; подобрување на разбирањето; промовирање на морално промислување,

моралните чувства и морална акција; стимулирање на имагинацијата; поттикнување растот, развојот, само-актуелизацијата и/или остварување на потенцијалите; помагање во личносниот развој; култивирање на „либералните вредности“; изградба на „добар граѓанин“; отворање на умот и надминување на предрасудите; развој на потенцијалите за цврста проценка; социјализација и почитување на авторитети; или сосема спротивно: автонимија и преиспитување на авторитети; максимизација на личната слобода, среќа и самодоверба; развивање на сомилоста, солидарноста и грижата; поттикнување на заедништвото, граѓанството (citizenship) и граѓанските вредности; враќање на вербата, спиритуалноста и духовната исполентост; кутивација на политички свесна и активна личност; зајакнување на вештините и диспозициите на рационалноста или критичкото мислење...

Ова е и повеќе од доволно да се види дека образованието нема едно, фиксно значење и јасни цели, туку попрво дека идејата за целта на образованието е променлива, контекстуална и особено историски и социјално-политички условена. Ако оваа општа образовна цел е матна и нејасна, што останува тогаш за една чуствителна област како што е етичкото образование. Која би била целта на истото и како можеме да ја објасниме? Дали би можеле да ја подведеме под некоја од општите или т.н. епистемски цели на образованието? Во трудов ќе се обидеме да покренеме некои дилеми за целите, а со тоа и оправданоста на етичкото образование. При тоа, ќе дојдеме до јасна дистинкција помеѓу етичко образование, и морално воспитание.

Во поновата литература за философија на образование сè повеќе се дебатира за т.н. епистемски цели на образованието, при што за прва и највисока цел се поставува **знаењето**. Во ерата на сциентизмот тоа се постулира дури и како сеопфатна цел на образованието воопшто: „Фундаметалната цел на образованието, како и тоа на науката, е промоција на знаењето (т.е. вистинито верување). Додека науката бара знаење кое е ново за човештвото, образованието бара знаење кое е ново за поединечните ученици.“[1] Гледаме, како Голдман

[1] Alvin, Goldman, *Knowledge in a Social World*, Oxford University Press, Oxford, 1999, 34

употребува една од вообичаените интерпретации на знаењето во неговата релација со вистинито уверување, т.е. знаењето треба да биде знаење на вистината, која треба да се усвојува како **оправдано вистинито уверување (justified true belief)**.

Вистината, знаењето на вистината е основната цел на образованието. Но, заради некои од потешкотиите со кои се соочува оваа цел (за кои овде немаме простор да дискутираме), но и заради надополнување на истата, се воведува и **критичкото мислење**, те. **култивирање на разумот**, т.е. **култивирање на рационалноста**, како комплементарна цел. Конечно, овие цели на образованието: знаење – вистина - оправдано верување (оправдување) - рационалност, како доминантен, **веритистички** модел се карактеристични за целокупната западна литература за философија на образование.

Сосема легитимно се поставува прашањето дали ова е примарна цел и на етичкото образование? Дали развојот на рационалноста, пренесувањето на знаење, т.е. доаѓањето до знаење може да биде цел на етичкото образование? Особено во светло на фактот дека етичкото знаење е знаење за вредностите. Проблематично е дали самото знаење на вредносни факти мотивира морална акција. Дали самото запознавање со тоа што е добро, значи мотивирање истото да се следи? Сократ секако би се согласил со неговиот етички интелектуализам.

Ова е интересно прашање, особено во светло на теориите за когнитивен и морален развој и поделбата на хетерономен и автономен стадиум кај Пијаже и трите стадиума во моралниот развој кај Колберг. Во оваа прилика нема да ги образлагаме овие добро познати теории, туку ќе ја поставиме дилемата. Студентите доаѓаат на факултет во релативно развиена фаза на морален развој. И според Пијаже и според Колберг, когнитивна зрелост, а со тоа и потенцијал за развој на автономен морал веќе се постигнува до 16-тата година. Ако е тоа така, тоа значи дека на таа возраст тешко дека станува збор за морално воспитание, туку за етичко образование. Но, повторно, ако резлутатот од тоа образование не е подобра личност, или интервенција во моралноста, тогаш чуму моралното образование?

Ако се има пред вид дека моралот има три важни компоненти:

1. Интелектуална
2. Емоционална
3. Конативна (волева)

Се поставува прашањето на која компонента етичкото образование најмногу може да делува? Или дали делува преку трите подеднакво? И со ова се враќаме на онаа цел за која денеска зборуваат најмногу философите на образование: **критичкото мислење**, те. **култивирање на разумот**, т.е. **култивирање на рационалноста**. Во возраста во која се предава етиката на факултет, најголемо влијание врши токму преку интелектуалната компонента на моралноста. Така што, веројатно Сократовото уверување дека да се знае доброто и да се чини доброто, овде доаѓаат до најголем израз. Култивирањето на разумот, овде значи инвестирање во индивидуалната автономија на поединецот. Така што, преку развој на критичкото мислење, преку своевидна когнитивна автономија, се инвестира во личносната автономија на студентот.

Со ова полека одговараме и на прашањето дали задачата на етичкото образование е развој на моралноста? Ако под моралност се подразбира внатрешна структура, диспозиција која автономно го контролира поведението, без надворешен надзор, сосема легитимно се поставува прашањето - дали етиката и етичкото образование, особено така наречените професионални етики можат да помогнат и како можат да помогнат во таа задача на изградба на таквата внатрешна структура? Дали после еден курс, во еден семестар од студентите може да се очекува да бидат, да станат подобри, или помалку амбициозно, дали може тој курс да помогне во изградување на нивната моралност? Ако може, како?

Несомнено е дека тука правиме разлика помеѓу морално воспитание и етичко образование. Секако дека тие не можат строго да се одвојат и затоа и во литературата се говори заедно за воспитно-образовен процес, но во случајот, од методолошки разлози ги одвојувам и се осврнувам само на етичкото

образование. Дека една од целите на школството е развој на моралноста тоа е несомнено. И тоа се чини преку моралното воспитание, како компонента од тој процес. При тоа, моралното воспитание претставува организиран, плански и систематски процес на морално формирање на личноста. Или како што се дефинира: „севкупност од интенционлни влијанија на моралниот развој на личноста“[2] И тоа се чини, како директно преку моралното воспитание, така и преку други форми во севкупниот образовниот процес кои содржат воспитна компонента. Впрочем, тоа се случува преку целиот воспитно-образовен процес во предшколска и школска дејност. Но, што е со универзитетското образование? Дали таму, преку етичко образование се делува на личноста и како? Ова се однесува првенствено на етичкото образование на факултетите, каде често се изучува етика и тоа како некоја професионална етика: менаџерска етика, компјутерска етика, инженерска етика, наставничка етика, медицинска етика и т.н.

**Парадоксот на моралниот развој** се состои во следново. Методите и средствата со кои се служи да влијае на децата и младите преку образовниот процес се:

1. Методи на уверување
2. Методи на навикнување
3. Методи на поттикунување
4. Методи на спречување

Сите овие всушност не ја поттикнуваат погоре споменатата цел: развој на критичкото мислење. Сите тие немаат цел да побудат сомнеж, да развијат став на автономија кон авторитетот, туку напротив да го подведат ученикот под авторитетот. Парадоксот е во фактот што развојот на моралноста, значи потиснување на автономијата, преку дресирање, покорување на авторитет, индоктринација и патернализам. Оти целта е токму тоа, да се дејствува на желите, нагоните, волјата и емоцијата во раната возраст, а токму тоа го остава детето без автономијата која е потребна за автентичен морален и личносен

[2] Bakovljev, M. (1998): Osnovi pedagogije. Sombor: Učiteljski fakultet

развој. Затоа, во повисоките години, етичкото образование има обратна функција: преку култивирање на разумот, критичкото мислење и рефлексија да се противи на всадените навики и традиции. Преку разумно преиспитување на всадуваните навики и традиции главна цел на етиката е да развива **автонимија.**

Во спротивно, далеку ќе бидеме од Аристотеловото разбирање на етиката, а сето етичко образование, особено како што рековме со т.н. професионални етики, ќе се сведе на нова индоктринација.